**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**бр. 02-77/4**
**Скопје, 28.03.2024 година**

Записник од стотта седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 19.03.2024 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин Иџет Мемети Заменик претседател
г-дин Влатко Георгиевски член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева член
г-ѓа Светлана Жупаноска член
г-дин Арбер Исаку член
г- дин Ермон Незири член
г-ѓа Кети Петкова член
г-ѓа Зорица Павловиќ член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-ѓа Душица Димириеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на стотата седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следениот дневен ред:

1. Усвојување на записникот од 99та седница на Советот на јавните обвинители на РСМ.
2. Донесување на одлука за престанок на функција јавен обвинител и член на Советот на јавните обвинители на РСМ, г-дин Влатко Георгиевски поради исполнување на услови за старосна пензија.
3. Разгледување на барањето за престанок на функција јавен обвинител за јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство Гостивар г-дин Арсим Адеми по сопствено барање.
4. Донесување на одлука за мирување на работниот однос на јавниот обвинител во Јавното обвинителство на РСМ г-дин Башким Бесими поради избор за член на Советот на јавните обвинители на РСМ.
5. Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работата на Советот на јавните обвинители на РСМ за 2023 година.
6. Разно.

Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред едногласно беше усвоен записникот од 99-та седница на Советот.

Под точката два од дневниот ред, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека на ден 02.04.2024 година, јавниот обвинител во ЈОРСМ и член на Советот на јавните обвинители на РСМ, г-дин Влатко Гепргиевски со наполнување на 64 години возраст ги исполнува условите за старосна пензија. Предложи Советот да донесе одлука и решение за престанок на функција јавен обвинител.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука и решение за престанок на функција јавен обвинител и член на Советот на јавните обвинители на РСМ, за јавниот обвинител Влатко Георгиевски поради исполнување на услови за старосна пензија со навршување на 64 години возраст заклучно со 02.04.2024 година.**

Под точка три од дневниот ред, Претрседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги запозна членовите на Советот со содржината на барањето за престанок на функција јавен обвинител во ОЈО Гостивар од страна на јавниот обвинител Арсим Адеми по сопствено барање, кој има поднесено оставка и бара на 31.03.2023 година му престане работниот однос како јавен обвинител во ОЈО Гостивар.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука и решение за престанок на функција јавен обвинител по сопствено барање за јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство Гостивар г-дин Арсим Адеми заклучно со 31.03.2024 година.**

Под точката четири од дневниот ред, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека поради изборот на јавниот обвинител Башким Бесими за член на Советот на јавните обвинители на РСМ, Советот треба да донесе одлука и решение за мирување на функцијата јавен обвинител во Јавното обвинителство на РСМ, додека му трае мандатот како член во Советот започнувајќи од 03.04.2024 година.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука и решение за мирување на функција јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија за јавниот обвинител Башким Бесими, поради избор за член на Советот на јаваните обвинители на РСМ додека му трае мандатот започнувајќи од 03.04.2024 година.**

Под точка пет од дневниот ред, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека била формирана Комисија за изготвување на Годишен извештај за работата на Советот за 2023 година, во состав г-дин Ермон Незири-Претседател на Комисијата и членови г-ѓа Светлана Жупаноска и г-дин Иџет Мемети. Кажа дека Годишниот извештај за работата на Советот за 2023 година бил доставен до сите членови на Советот на разгледување по што отвори дискусија пшо оваа точка од дневниот ред.

Збпр зема г-дин Ермон Незири кажа дека Годишниот извештај за работата на Советот на јавните обвинители на РСМ за 2023 година, електронски бил доставен до членовите на Советот на разгледување и дека истиот е изготвен во законски предвидениот рок, дека е изготвен согласно законските одредби од законот за Советот. Кажа дека истиот преставува хронолошки текст, а со цел да се прикаже транспарентноста во работењето на Советот во текот на 2023 година. Кажа дека во извештајот биле опфатени сите дејности кои Советот ги спровел во 2023 година. Воедно во кратки црти го образложи истиот, кажа дека Советот работел ажурно, дека избрал поголем број на јавни обвинители, дека било одговорено на сите претставки и поплаки кои биле дотавени до Советот и цени дека истиот преставува реална слика на

работата на сите членови во Советот на јавните обвинители на РСМ. Воедно се осврна и на проблемите со кои се соочува Советот, пред се со просторот во кој Советот се наоѓа, недостаток на стручна служба како и проблемот со буџетските средства кои се предвидени за Советот. Воедно смета дека вака изготвениот Годишен извештај за работата на Советот за 2023 година, треба да биде изгласан од страна на членовите на Советот.

Збор зема г-ѓа Светлана Жупаноска која кажа дека во овој извештај даден е статистички приказ на податоците со кој што располага Советот, а истите се однесуваат на број на одржани седници на Советот, објавени огласи, број на избрани јавни обвинители во 2023 година, број на разрешени јавни обвинители и број на јавни обвинители на кои им престанала функцијата јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија, понатаму број на дисциплински постапки кои се воделе пред Советот во 2023 година, број на преставки по кои Советот има постапувано во 2023 година, како и податоци за институционална и меѓународна соработка на Советот, односи со јавноста и кадровската состојба во Советот.

Збор зема и г-дин Иџет Мемети кој потенцираше дека има потреба да се изгради нов електронски систем кој ќе има повеќе белези по однос на нашата работа со што ќе можеме да изготвиме уште подобри извештаи со порелевантни податоци и повеќе информации за Собранието на РСМ. Како второ кажа дека мора да се признае дека не е се во базата на податоци, туку како клучна работа се наметнува прашањето, а треба да е приоритет на Советот, а тоа е следењето на работата на сите јавни обвинители во РСМ, согласно годишните изветаи кои се доставуваат до Советот од страна на Вишите јавни обвинителства и од страна на Јавното обвинителство на РСМ, кои констатации бибиле вградени во годишниот извештај. Како заклучок кажа дека годишниот извештај на Советот секоја година се подобро се изготвува и истиот ќе го подржи и ќе гласа за негово усвојување.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека годишниот извештај на Советот за 2023 година е сеопфатен, транспарентен. Се согласи дека изнесените податоци во извештајот се реални и дека ја отсликуваат работата на Советот. Во делот на буџетот се согласи со колегата Ермон Незири и воедно смета дека истиот треба да биде усвоен од трана на на членовите на Советот, а потоа согласно законските одредби препратен до Собранието на РСМ, Владата на РСМ и Јавното обвинителство на РСМ.

Откако никој не зема збор се пристапи кон гласање за усвојување на Годишниот извештај за работата на Советот на јавните обвинители на РСМ за 2023 година. **Едногласно од страна на членовите на Советот беше усвоен Годишниот извештај за работата на Советот за 2023 година.**

Под точка разно од дневниот ред, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги извести членовите на Советот со содржината на писмото добиено од страна на Нотарската Комората на РСМ, во врска со номинација на член и заменик член на Дисциплинската комисија. Кажа дека Советот веќе номинираните членови од страна на Советот биле за новиот состава на Нотаската комора на РСМ и дека сега се бара еден член и негов заменик кои ќе ја извршуваат функцијата до месец Септември 2024 година.

Од страна на членовите на Советот беше одлучено на наредна седница Советот да номинира член и заменик член на Дисциплинската комисија при Нотарската комора кои иваа функција ќе ја извршуваат до формирањето на новиот состав на Нотарската комора на РСМ.

Под истата точка од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги запозна членовите на Советот за моменталната состојба во однос на селењето на Советот во новите простории. Кажа дека СЗОР била задолжена да ги превземе сите потребни дејствија во однос на преселувањето на Советот. Воедно кажа дека досега службата нема преземено никакви активности по однос на ова прашање, а

што е дадено како обврска од страна на Владата на РСМ. Истакна дека од тие причини е изготен допис кој ќе биде доставен до Премиерот на Владата на РСМ на запознавање за состојбите.

Пот точката разно зема збор г-ѓа Кети Петкова која кажа дека Советот имал донесено заклучок во однос на упатување на јавен обвинител во ОЈО Гевгелија, каде што на една од претходните седници Советот го задолжил Јавното обвинителство на РСМ, да упати еден јавен обвинител. Кажа дека има сознанија дека досега во ова јавно обвинителство сеуште не е упатен јавен обвинител. Предложи Советот со допис повторно да се обрати до Јавното обвинителство на РСМ како би се надминал овој проблем.

Отткако никој не зема збор Претседателот на Советот ја заклучи стотата седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Душица Димитриеска**